MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12-712/2

22-10-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмети оформени по пријава доставена од подносителот ---------------------------------------- на продолжението на 39-та седница одржана на 19.10.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата број 12-712 од 2020 година, од подносителот ----------------------------------------, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ОТФРЛА**.

Наводите во пријавата се исти со наводите во предметите број 12-2490/1 од 19.04.2019 година и број 12-5376/1 од 26.11.2019 година, а по кои на продолжението на 39-та седница одржано на ден 15.10.2020 година Државната комисија за спречување на корупцијата донесе одлука за запирање на постапувањето, бидејќи наводите во пријавите не се потврдени и ДКСК нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, од причина што надзор над спроведување на Законот за медијација врши Министерството за правда.

Предметот со број 12-712 од 2020 година, оформен по пријава број 12-712/1 од 30.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлука, со образоложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-712 од 2020 година е оформен по пријава број 12-712/1 од 30.01.2020 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ----------------------------------------.

Во пријавата се укажува на наводи на сомневања за незаконитости во постапувањето на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата поврзано со постапката за спроведување на испитот за медијатори и издавање на лиценци на лица без да се расправа и донесе одлука на седница на Одборот, како и сомневања за незаконитости во постапувањето на поединци од Одборот и професори на факултет кои обуките ги приватизираат и сакаат да ги направат недостапни за заинтересирани кандидати, се со цел само определен број лица да можат да остваруваат приход со вршење на медијаторска дејност.

При разгледување на предметните наводи и документацијата доставена во прилог на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и го констатира следното:

-Во пријавата се укажува на наводи на сомневања за незаконитости во постапувањето на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата поврзано со постапката за спроведување на испитот за медијатори и издавање на лиценци на лица без да се расправа и донесе одлука на седница на Одборот, како и сомневања за незаконитости во постапувањето на поединци од Одборот и професори на факултет кои обуките ги приватизираат и сакаат да ги направат недостапни за заинтересирани кандидати, се со цел само определен број лица да можат да остваруваат приход со вршење на медијаторска дејност.

- Наводите во пријавата се исти со наводите во предметите број 12-2490/1 од 19.04.2019 година и број 12-5376/1 од 26.11.2019 година, а по кои на продолжението на 39-та седница одржано на ден 15.10.2020 година Државната комисија за спречување на корупцијата донесе одлука за запирање на постапувањето, бидејќи наводите во пријавите не се потврдени и ДКСК нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, од причина што надзор над спроведување на Законот за медијација врши Министерството за правда. Донесената одлука е со број 12-956/7 од 19.10.2020 година и истата е доставена до подносителот со известување број 12-956/8 од 19.10.2020 година.

Имајќи го предвид сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во конкретниот случај станува збор за предмет со иста фактографија на наводи по кои од страна на Државната комисија веќе е постапено и донесена е одлука за запирање на постапувањето, бидејќи наводите во пријавите не се потврдени и ДКСК нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, од причина што надзор над спроведување на Законот за медијација врши Министерството за правда.

Согласно со вака утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во предметниот случај, доставената пријава да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира. Подносителот на пријавата да се упати на веќе донесената и објавена одлука по однос на предметните наводи со број 12-956/7 од 19.10.2020 година, која веќе му е доставена со известување број 12-956/8 од 19.10.2020 година, а која е донесена од ДКСК на продолжението на 39-та седница одржано на ден 15.10.2020 година, при своето надлежно постапување по предметите со број 12-2490/1 од 19.04.2019 година и број 12-5376/1 од 26.11.2019 година.

Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 19 октомври 2020 година под бр. 12- 712/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до:
- Архива
-Подносителот

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил: К.Н., член на ДКСК